INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 69 / 2023*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## *СОДРЖИНА*

- ЗАПИСНИК од шеесет и деветтата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

- Реферат за избор на еден виш научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје - Проф. Д-р Здравко Савески

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 52/2023
25.04.2023 год.
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**

**од шеесет и деветтата седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 4ти април 2023 се одржа шеесет и деветтата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. д-р Ана Блажева, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р. Здравко Савески, проф. д-р Бранимир Јовановиќ, доц. Д-р Тихомир Топузовски;

ДНЕВЕН РЕД на шеесетт и деветтата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**4ти април, 2023**

Дневен ред на 69 седница на Советот:

1. **Усвојување на нацрт Записникот од 68-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;**

2. **Формирање комисија за одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Дискриминација на жените на пазарот на труд во Република Северна Македонија“ на кандидатот Никола Спасовски;**

3. **Формирање комисија за избор во звање за избор во звање проф. д-р Калина Лечевска во научно-наставно звање научен советник/редовен професор;**

4. **Одлука за избор во звање за избор во звање на доц. д-р Здравко Савески во научно-наставно звање виш научен соработник/вонреден професор;**

5. **Разно.**

Записник од 69-та седница на Советот:

1. Усвојување на нацрт Записникот од 68-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје; Советот едногласно го усвои нацрт Записникот од 68-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

2. Формирање комисија за одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Дискриминација на жените на пазарот на труд во Република Северна Македонија" на кандидатот Никола Спасовски; Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хумаснитички науки, Скопје донесе одлука за Формирање комисија за одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Дискриминација на жените на пазарот на труд во Република Северна Македонија" на кандидатот Никола Спасовски. Комисијата е во состав:

- проф. д-р Викторија Боровска
- проф. д-р Калина Лечевска
- проф. д-р Ана Блажева

3. Формирање комисија за избор во звање за избор во звање проф. д-р Калина Лечевска во научно звање редовен професор; Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хумаснитички науки, Скопје донесе одлука за формирање комисија за избор во звање за избор во звање проф. д-р Калина Лечевска во научно звање редовен професор. Комисијста е во состав:

- проф. д-р Катерина Колозова
- проф. д-р Дона Колар Панова
- проф. д-р Маја Мухиќ

4. Одлука за избор во звање за избор во звањена доц. д-р Здравко Савески во научно звање виш научен соработник/вонреден професор; согласно поднесената позитивна рецензија од комисијата за избор во звање на доц. д-р Здравко Савески

во виш научен соработник/вонреден професор, од областа на општествените и хуманистички науки на Институтот за општествени и хумаснитички науки, Скопје, научно наставниот совет донесе одлука за избор во звање за избор во звањена доц. д-р Здравко Савески во научно звање виш научен соработник/вонреден професор.

5. Разно.

-За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,
Д-р Викторија Боровска

04.04.2023, во Скопје

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 37/2023
31.03.2023 год.
СКОПЈЕ

**РЕФЕРАТ**

За избор на еден виш научен соработник во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје.

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 28.02.2023 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден виш научен соработник.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и наставната дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на д-р Здравко Савески;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и наставната дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, проф. Ана Блажева и проф. д-р Калина Лечевска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Здравко Савески е роден на 11.12.1976 година во Битола. Дипломирал политички науки на Правен факултет, Скопје на Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје. Во 2004 година

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

магистрирал на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, а на истото место во 2009 година се стекнал со титула-доктор по политички науки.

Д-р Савески има долгогодишно искуство како активист на полето на човековите и работничките права. Бил основач и член на левичарското движење „Солидарност“ до 2015 година, како и на движењето за социјална правда „Ленка“ до 2011 година. Тој бил и на позиција - секретар на Мултиетничкиот синдикат на образованието до 2016 година. Савески е поранешен член и еден од основачите на политичката партија „Левица“.

Автор е на голем број научни трудови, како и преведувач на меѓународно реномирани автори. Воедно, д-р Савески редовно пишувал колумни за: „Гласни идеи“ (од 2022), „Гласник“ (2020-2022), „Независен весник“ (2017-2019), „Рес Публика“ (2016-2019) и „Нова Македонија“ (2012-2013)

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Научно-истражувачка дејност

Д-р Здравко Савески работел на бројни научно-истражувачки проекти што опфаќале квантитативни и квалитативни истражувања. Овие проекти се во интерес на граѓанските организации во Република Северна Македонија. Како порелевантни може да се наведат следниве:

2022, Асистент, предавач, обучувач и модератор на Школа за политика и критика 2022 „Авторитаризмот и левицата: иднината на демократијата во Југоисточна Европа“ на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржана од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation.

2020-2021, Научен истражувач и координатор на секторска анализа: „Зелен нов договор за Македонија“, проект на Колектив Зед.

2021, Асистент, предавач, обучувач, и модератор на Школа за политика и критика 2021 „Климатска правда во ера на незауздан капитализам“ на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржана од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation.

2020, Научен истражувач на годишниот извештај “Independent Context Watch“, спроведен од Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

2019-2020, Научен истражувач на проектот „Општествена нормализација: Јакнење на политичкиот дијалог и деполаризација на јавниот дискурс", спроведуван од Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од Швајцарската програма за развој и соработка: Програма Цивика Мобилитас.

2020 Асистент, предавач, обучувач, и модератор на Школа за политика и критика 2021 „Ксенофеминизам и други форми на феминизам и материјализам" на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржана од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation.

2019-2020, Научен истражувач на проектот „Демографско истражување во Северна Македонија", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од International Foundation of Electoral Systems.

2019, Научен истражувач на годишниот извештај "Independent Context Watch", спроведен од Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка.

2019 Асистент, предавач, обучувач, и модератор на Школа за политика и критика 2021 „Муниципалистичко организирање и левичарски решенија на животна средина" на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржана од Rosa Luxemburg Stiftung Foundation.

2019-2020 Научен истражувач: „Кон деполаризација на јавниот дискурс во Северна Македонија: Дијалог меѓу спротивставените политички столбови како предуслов за надминување на популистичкиот модел на управување", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од National Endowment for Democracy.

2018-2020, Научен истражувач на „Иновации во образованието: Интерсекција на природните и техничките со општествените и хуманистичките науки", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, КА 203.

2018-2020 Научен истражувач на „Справување со бранот на илибералната демократија во Европа: Истражувачки политики и комуникациски план на колаборативни активности", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од OSIFE.

2018-2019, Научен истражувач на „Соработка помеѓу политичките партии и граѓанските организации: Намалување на асиметричната моќ на извршната власт", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од National Endowment for Democracy.

2018, Научен истражувач „ Скопје 2014 – Инфо центар", проект на Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од Музеј на град Скопје.

2018, Научен истражувач на годишниот извештај "Independent Context Watch", спроведен од Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје, поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

**2. Објавени трудови**

**Трудови:**

- „Кон зелената економија на иднината“ во Ивана Драгшиќ (ур.) „Друг свет: огледи за системска транформација на иднината“, Скопје : Плоштад Слобода, 2021, 70-76 стр.
- “North Macedonia” in Joe Mulhall and Safya Khan-Ruf (eds.), *State of Hate: Far-Right Extremism in Europe 2021*, “Hope not hate”, January 2021, pp. 100-101.
- “One in Seven and a Half: Local Activism against the Global Climate Crisis”, *Identities*, Institute of Social Sciences and Humanities, Vol. 16/2019.
- „Како синдикатите да бидат (по)ефективни во одбраната и унапредувањето на работничките права?“, „Нови перспективи за економски и социјален развој во Република Македонија: анализа на состојби и препораки произлезени од работата на експертската група за економски и социјални политики“, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, 2016.
- “Trade Unions, Workers and the Protection of Workers' Rights: a Vicious Circle with No Escape?”, "Identities", Institute of Social Sciences and Humanities, Skopje, Vol. 11, No. 1-2, 2015.
- „Историјата и политиката“, „Е-зборник на трудови“, Македонски политиколошки форум, Скопје, 2014.
- “Radical Right in Macedonia”, International Policy Analysis, Friedrich Ebert Stiftung, December 2012 (коавтор).
- „Критичка анализа на концептуализацијата на политичката култура на Г. Алмонд и С. Верба”, „Годишник за 2007 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања“, ИСППИ, Скопје, 2008.
- „Нерационалноста на македонските избирачи и потребата од нејзино надминување”, „Парламентарните избори 2006 и македонските аспирации за членство во ЕУ и НАТО”, Европски Универзитет, Скопје, 2006.
- „The process of the reduction of workers' rights in Macedonia in the period 1993-2003”, “South East Europe Review for Labour and Social Affairs”, “Hans Bőckler Stiftung”, 2/2005.
- „Медиумите и контролата на мислата во демократските општества”, поговор кон Ноам Чомски „Нужни илузии”, „Култура”, Скопје, 2003.

**Книги:**

- „Поларизирачкиот дискурс и влијанието врз политичката и социјалната поларизација во македонското општество“, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје, 2019. (коавтор)
- „Но пасаран: учеството на борците од Македонија во Шпанската граѓанска војна“, Левица, Скопје, 2016. (коавтор)

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

- „Национализмот во(н) контекст: соработката на Албанците и Македонците од Илинденското востание до НОВ", Левичарско движење „Солидарност", Скопје, 2014. (коавтор)
- „Богатството и сиромаштијата во Македонија", Левичарско движење „Солидарност", Скопје, 2013. (коавтор)
- „Демократија: модели и дилеми", „Готен", Скопје, 2011. (автор)
- „Штрајк: искуства и состојби", Движење за социјална правда „Ленка", Скопје, 2011. (уредник)
- „Обезвреднување на трудот: анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзицијата", Движење за социјална правда „Ленка", Скопје, 2010. (коавтор)
- „Отаде едноумието: повторно откривање на левицата", „Култура", Скопје, 2006. (автор)

**Преводи**

- Ричард Смит „Зелениот капитализам: Богот што потфрли", „Бегемот", Скопје, 2022.
- Раџ Пател и Џејсон В. Мур, „Историја на светот во седум евтини работи: водич во капитализмот, природата и иднината на планетата", „Аз-буки", Скопје, 2020.
- Џејсон Хикел, „Поделба: краток вовед во глобалната нееднаквост и нејзиното решавање", „Аз-буки", Скопје, 2019.
- Ноам Чомски „Интервенции", „Култура", Скопје, 2007.
- Ноам Чомски „Нужни илузии: контрола на мислата во демократските општества", „Култура", Скопје, 2003.

**3. Наставно научна дејност**

Во 2003 година, д-р Савески бил избран како асистент на Универзитетот ФОН во Скопје, каде бил на оваа позиција до 2009 година. Во 2009 година на истиот универзитет е избран во наставно-научното звање доцент. Неговиот работен и професорски ангажман на Универзитетот ФОН завршил во 2014 година.

Во 2018 година д-р Савески е ре-избран за доцент на Институт за општествени и хуманистички науки – Скопје. Оттогаш ги предава изборните предмети „Вовед во меѓународни односи" и „Применета политичка филозофија". Во рамки на неговиот академски ангажман, д-р Савески дава значаен придонес во подготовката, предавањата и менторството на студентите на постдипломските студии на политики.

Со досегашното академско и работно искуство, објавените трудови, завршеното образование и ангажманот во наставно-научната дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје кандидатот доц. д-р Здравко Савески покажува сериозен пристап во научното истражување.

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

**III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

По прегледувањето на опусот на научно-истражувачката дејност и наставната дејност и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано дека во текот на неговите академски ангажмани на високообразовните и научни установи д-р Здравко Савески реализирал обемен опус на квантитативни и квалитативни истражувања од областа на социо-економскиот развој со посебен фокус на промовирање на социо-економска рамноправност, заштита на работничките права и борба против сиромаштијата.

Во своите истражувања и искуството во работата со високообразовните и научни установи тој развива научни истражувачки прашања, продлабочувајќи ги теориските и емпириските концепти поврзани со интердисциплинарните области од полето на општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се константира дека: д-р Здравко Савески има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти: изработка на инструменти за: анкети, интервјуа, фокус групи и анализи на содржина, организација и реализација на емпириски истражувања , анализа на податоци и пишување на научни студии. Тој е автор на бројни трудови, студии, истражувања, извештаи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои ги опфаќа во својата научно-истражувачка работа, магистерскиот и докторскиот труд покажуваат дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Северна Македонија. Неговиот истражувачки и наставно ангажман покажуваат сериозна иницијативност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека д-р Здравко Савески ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање – виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор).

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Савески, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни резултати кои имаат влијание на развојот на науката и практиката во Република Северна Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Здравко Савески да се избере во звањето виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Рецензентска комисија:

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседател

Д-р Калина Лечевска, вонреден професор,

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

Д-р Ана Блажева вонреден професор,

Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, член

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk